# Уметноста како еди

Јасна Франговска

*За неа во последно време често се зборуваше во негативен контекст. Во муабетите беа вмешани и роднинските врски со министерот за култура, и откажувањето на официјално избраниот проект за учество во Венеција, и бескрупулозноста... Претпочитам да зборувам со неа како со интригантна и амбициозна уметничка што се изложи на озборувањата и на макотрпната потрага по спонзорства за да ја оствари својата цел - да создава!*



▲ *Како беше примен во Венеција проектот што беше подготвуван во така вонредни околности и во толку кусо време?*

▼ Многу ми е драго што, и покрај сите маки, успеав да го реализирам и би им препорачала на сите млади уметници, ако навистина веруваат во она што го работат, да се борат и да го направат истото. Времето беше кусо и мислам дека немаше ни цел месец откако решив проектот да биде изведен. Реализацијата беше многу блиску до тоа што го замислив. Беше многу тешко се да се заврши од организациски аспект: прво, зашто Венеција е град на вода и, фактички, целата организација требаше двојно да се мисли - и во однос на превоз на суво и во однос на превоз на вода. Потоа, Биеналето си има некој распоред според кој се одвиваат работите, во смисла - три дена се отвораат сите павилјони во различно време и во тоа време е собрана елитата од визуелната уметност и во смисла на уметници, но повеќе во смисла на критичари, кустоси, куратори... По еден ден пауза, се случува широкото отворање за публиката. Овој пат распоредот не беше таков и не беше јасно ставено до знаење како ќе се одвиваат тие активности, што ми направи дополнителни компликации, но успеавме на некој начин да го оствариме и тоа. Првиот ден кога беше реализиран проектот, гондолата одеше низ градот, каде што имаше големо интересирање, но повеќе од туристи, чиј примарен интерес не е ликовната уметност. Вториот ден времето не овозможи реализација на проектот (врнеше дожд), а третиот ден успеавме да дојдеме во Џардини што е од големо значење, зашто тука се павилјоните на сите земји, тоа е жариштето кајшто се движат луѓето професионално заинтересирани за ликовната уметност. Ние дојдовме баш на каналот што дели повеќе павилјони, низ кои мораше да се помине за да се дојде до австрискиот, полскиот, југословенскиот, романскиот. Со гондолата останавме извесно време и моите информации во врска со заинтересираноста на публиката повеќе се од она што ми е пренесено, отколку мое лично видување, зашто бев сконцентрирана на изведување на перформансот.

▲ *Па, што велат тие повратни информации?*

▼ Со мене беа Небојша Вилиќ, кураторот на проектот и Наташа Стојановска, претставник на студио „Asypo", според чии кажувања имало огромна заинтересираност. Колку што успеав да видам, проектот го сними германската и англиската тв, имав интервју за хрватската тв, имаше многу заинтересирани со кои не успеав лично да стапам во контакт поради изведбата на перформансот, но кои оставиле адреси за натамошен контакт. На пример, познатиот куратор на светски изложби, Ричард Станиславски, кому многу му се бендиса проектот, рече дека го содржи поетичниот момент кој недостасува во новата ликовна продукција. Добив понуда уште следниот месец да одам на воркшоп во Полска, имаше голема заинтересираност од една галерија во Лондон, потоа од една кураторка од Италија која сака да организира проект составен од дела на вода и во преговори сум со една многу позната италијанска галерија за изложба догодина, а заинтересирани се да ме застапуваат и во други галерии... Мислам дека тоа е една од основните задачи на ваквите изложби - делото да биде видено, авторот да биде поканет да изложува и на други места и на тој начин да се промовира понатаму македонската уметност, а со тоа и државата. За мене тоа е логиката.

▲ *Биеналето, според најавите, годинава, повторно става акцент на националните проекти. Какви се можностите на ваков проект, надвор од официјалната презентација?*

▼ Кажувам конкретни резултати, за кои не ми е познато дека се случиле од претходните гостувања на Македонија. Кога веќе добивате конкретен договор и покана за учество, тоа многу значи, затоа што во странство само така функционираат работите - ако тие не се убедени дека еден проект е многу добар, тие воопшто не би инвестирале во него. Поканата за Полска, Италија, како и многу други за гостување во странство претходно, мене не ми е дадена од Македонија, зашто сите трошоци биле покриени од странство. Тоа значи дека тие луѓе веруваат во тоа што го работам и мислат дека е добро тоа што го работам.

▲ *Дали тоа беше основната мотивација да го истуркаш проектот до крај среде сите овие неприроди и сиот анимозитет со кој беа проследени неговите подготовки?*

▼ Не случајно го споменав тој дождлив ден кога требаше да настапуваме, бидејќи тоа беше денот кога повеќето критичари се нао-

# ıственно можен начин на живот

Јас сум уметник и мојата работа е најважна, тоа е она што останува. Ќе продолжам со мојата работа и по мандатот на овој министер за култура, како што работам и сега за време на неговиот мандат и како што сум работела за време на мандатот на другите министри. Никој не може да ме спречи да работам. Едноставно, уметноста е толку поврзана со мене и со мојот личен живот што за мене претставува единствено можен начин на живеење, воопшто.

Уште по завршувањето на студиите, класичните уметнички техники не ме интересираа, па тргнав по сосема друг пат. Се работи за 1991 година, кога го направив првиот мултимедијален проект „Сарансака“ – и кога уметниците многу ретко, а особено во Македонија, се занимаваа со инсталација, перформанс и слично. Уште тогаш сметав дека човек не може да има така ограничено визуелно поле, дека е неприродно видокругот да се ограничува на конкретен предмет (слика, скулптура...) или пак само на едно сетило (визуелното). Самостојно размислував за феноменот на тотална уметност, кој подоцна го сретнав кај многу автори–теоретичари. Едноставно, целта ми беше делото да биде создадено како цела една атмосфера (воспримана и како целосна слика и како звук и како мирис и тактилно), а, исто така, да се вклучи и елементот на динамика, зашто сè околу нас се движи. Добро, мојот јазик е првенствено ликовен и целта е да се предизвика чувство или размислување кај гледачот кое го имам јас во себе, преку еден ликовен речник. Од искуствата на сите изложби што сум ги имала гледам дека публиката навистина така ги прима делата и многу ми е драго што често се случува луѓето да ми пријдат и сами да ми го кажат она што јас сакав да го соопштам преку делото, па дури и без да го знаат јазикот (англиски или македонски).

Веројатно луѓето чувствуваат кога делата се работат со сета душа.



ѓаа на тоа место. Мене ми е многу жал што временските услови не ни овозможуваа да го одржиме проектот... Тогаш ќе беше многу подобро и ќе можев да остварам многу повеќе контакти. Оној третиот ден, сепак, не беа во таа мерка присутни луѓе кои значат нешто во ликовниот свет, но тоа што и во таков ден успеав да направам одредени контакти и да се покаже на дело интересот на разни галерии за тоа што го работам, за мене е доволен резултат. Значи, да речеме, дека во однос на целиот овој проект имав две цели - едната беше да го направам. Во еден момент кога ситуацијата беше безнадежна, кога сè уште, воопшто, не беа префрлени средства од спонзорите, а без тоа ништо од проектот, баш си размислував што ќе биде ако тој не се одржи. Нормално, за две години имаше шанси да се учествува на следното Биенале, но јас сум таков уметник што во текот на работата се развива и се менува и за две години, кој знае дали јас би сакала истото да го направам. Така што, едната цел да го направам баш сега, баш во Венеција, зашто не постои друг град каде што ќе најдам гондола и баш таква архитектура со слична историја (бидејќи делото претставува и на некој начин site specific, освен перформанс), ја остварив сто посто. Втората цел беше луѓето што професионалнио се занимаваат со ликовна уметност да видат што работам и тоа не успеав да го остварам до крај, бидејќи финансиски проектот стоеше многу лошо и освен помошта од спонзорите и приватните средства вклучени во тоа немаше други можности, а и временските услови влијаеја негативно.

▲ *Ти беше ли потребна Венеција за да ја верификуваш својата уметност?*

▼ Не би можела да кажам дека баш тука сакав да го верификувам квалитетот на моите дела, зашто многу често сум излагала во странство и сите тие изложби на кои сум повикана од странски жирија ми даваат за право да мислам дека она што го работам е вистинското. Основната цел во однос на овие изложби ми беше да можам да работам што е можно поквалитетно и попрофесионално. За да може тоа да се оствари, мене ми е битно да биде видено што работам, да можам да бидам повикувана на повеќе места, да има повеќе средства за работа и да бидам задоволна од реализацијата на тоа што ќе го замислам. Така што, основно е да можам, што е можно повеќе, и понатаму да ја развивам мојата работа, не во однос на тоа да бидам позната или слично, туку да имам услови за работа, да можам да експериментирам со повеќе материјали, со повеќе медиуми...



▲ *Имаше ли во Венеција многу независни проекти и дали се идентични мотивите на овие уметници кои доаѓаат од побогатите земји?*

▼ Мислам дека и нивната цел е иста – да создадат проект кој ќе биде виден. Има многумина што го прават тоа. Југославија, иако земја во војна, имаше три презентации: во главната изложба, во павилјонот и самостоен неофицијален проект на Тања Остоиќ. И во Документа во Касел имаше многу такви самостојни проекти. Познато ми е дека уметниците се борат самостојно да се претставаат колку што можат повеќе. Кога веќе не се избрани официјално, тоа е најнормална работа. Поминаа социјалистичките начини на функционирање на работите. Многу од тие проекти, независно што не се вклучени во официјалната презентација, потоа



A R S   L O N G A ,   V I T A   B R E V I S

се вклучени во медиумите и во други изложби. Поентата е да се види делото, а дали се официјално или неофицијално претставувани, тоа си е работа на уметникот што избрал така.

▲ *Имаш доста изложби надвор од Македонија. Дали и во твојот случај се потврдува правилото за кое зборуваат многумина други уметници - попознати надвор отколку дома?*

▼ Апсолутно така се чувствувам. На многу поголема отвореност, на многу поголема позитивна енергија сум наидувала на изложбите во странство, отколку во нашата земја. Многу повеќе ми помогнале, многу повеќе ме разбрале, многу повеќе ме почитувале и повеќе ми ги отворале вратите во странство.

▲ *Како ги преживеа сите тие денови исполнети со непријатности и анимозитет за време на подготовките на „Прекрасните суштества“?*

▼ Па, тие денови пред да заминам во Венеција од утро до вечер трчав на разни места, работев колку што е можно повеќе, така што немав време за читање весници. Едноставно, луѓето што немаат друга работа можат да се занимаваат со разноразни инсинуации. Тоа е нивни проблем, а не мој. Пред да заминам успеавме да направиме CD ROM - портфолио за мојата работа, успеавме да направиме флаер, кој е многу битен за промоција на проектот... Толку бев ангажирана што немав време да размислувам за такви работи.

▲ *Дали се смени нешто по враќањето?*

▼ Неверојатно е колку се тука луѓето исполнети со негативна енергија. Како во изреката за козата на комшијата. Навистина сум зачудена од сето тоа. Мене би ми било драго било кој квалитетен настап на Македонија да успее да се реализира. Кога гледам како луѓето пристапуваат на оваа работа не можам да не бидам разочарана. Да речеме, настапот на Синтезис во Јапонија или успехот на филмот на Милчо мене ме прави горда и среќна. Луѓето имаат право да имаат поинаков приод кон тоа што го правам јас, но гледам дека тоа сакаат да и го наметнат на пошироката публика преку медиумите. Па, нека е и така, јас сум пред себе чиста што е најважно од сè, а времето ќе си ја покаже вистината. Сè додека имам покани од странство, а дал Господ, може кој сака да пишува онолку колку што фантазијата и сопствените начини на размислување го водат во расудувањето. Во странство, нашите чаршиски муабети многу - многу не ги интересираат...

Јас сум уметник и мојата работа е најважна, тоа е она што останува. Ќе продолжам со мојата работа и по мандатот на овој министер за култура, како што работам и сега за време на неговиот мандат и како што сум работела за време на мандатот на другите министри. Никој не може да ме спречи да работам. Едноставно, уметноста е толку поврзана со мене и со мојот личен живот што за мене претставува единствено можен начин на живеење, воопшто. Уште по завршувањето на студиите, класичните уметнички техники не ме интересираа, па тргнав по сосема друг пат. Се работи за 1991 година, кога го направив првиот мултимедијален проект „Сарансака“ – и кога уметниците многу ретко, а особено во Македонија, се занимаваа со инсталација, перформанс и слично. Уште тогаш сметав дека човек не може да има така ограничено визуелно поле, дека е неприродно видокругот да се ограничува на конкретен предмет (слика, скулптура...) или пак само на едно сетило (визуелното). Самостојно размислував за феноменот на тотална уметност, кој подоцна го сретнав кај многу автори-теоретичари. Едноставно, целта ми беше делото да биде создадено како цела една атмосфера (восприемана и како целосна слика и како звук и како мирис и тактилно), а, исто така, да се вклучи и елементот на динамика, зашто сè околу нас се движи. Добро, мојот јазик е првенствено ликовен и целта е да се предизвика чувство или размислување кај гледачот што го имам јас во себе, преку еден ликовен речник. Од искуствата на сите изложби што сум ги имала гледам дека публиката навистина така ги прима делата и многу ми е драго што често се случува луѓето да ми пријдат и сами да ми го кажат она што јас сакав да го соопштам преку делото, па дури и без да го знаат јазикот (англиски или македонски). Веројатно луѓето чувствуваат кога делата се работат со сета душа.



# Го сунетисаа Версаче

*Драги мои,*

Не знам како МТВ ќе го преживее ударот што ѝ го зададе Сител телевизија со преземањето на правата за пренос од Европското првенство во кошарка? Згора на сè, уште и коментарите на емотивниот (и самиот призна) Игор Трпевски, па Таско и Зоран можат да заминат во заборав. „Потскокнувам јас, потскокнува Орце Камчев, потскокнуваат сите од нашата клупа“, ќе извика емотивецот, па јас преостанатиот дел од преносот го минав стоечки, за да не морам цело време да потскокнувам.

На телевизија не се потскокнува само кога се гледа кошарка. Јас, на пример, потскокнав кога телевизијата јави: „Версаче го сунетисаа“. Прости ми боже, нека почива во спокој Џани, во случајов станува збор за Версаче од Шутка, внукот на пратеникот Амди Бајрам. Не знам зошто, но ова ме потсети на оние времиња кога вестите задолжително почнуваа со телеграми и со честитки по повод родендените на државните (тогаш републички) функционери. Ако тогаш можеа да се честитаат родендени, зошто денес да не се честита сунетисување на внукот на Амди Кинг Бајрам?

Уште еден кралски настан се случи деновиве. Британија ѝ се радуваше на свадбата на Софи и Едвард, а BBC вршеше директен пренос. Знаат луѓето како се прават тие работи. Еве, фала богу, и нашата прва дама (помладата) е во благословена состојба, па не е лошто МТВ уште сега да се подготвува за свечениот чин. Сè треба да биде отмено и затоа можам да препорачам носители на целиот проект да бидат младите дами од утринскиот блок „Огледало“. Тие најубаво ќе знаат со пробрани зборови, како што го прават тоа секое утро, да го увеличаат настанот. Неколку поговорки, бисери на мудроста, гатанки и - се сврши работата.

Драги мои,

Во потрага по среќа, многуте телевизии речиси секој ден ни нудат безброј игри на среќа. Ептен се решени да нè усреќат. Штотуку ќе заврши една, почнува некоја друга. По неа е неизбежно извлекувањето на наградите на кафепијачите, па повторно некое друго извлекување на тие што се возат во такси. Во петок игри за трагачите по среќа, оние по амбициозните, па повторно во недела, а од понеделник сè повторно, со неколку нови игри.

Меѓу игрите на среќа, веројатно за да не ни биде премногу убаво, вести - за да се вратиме во реалноста.

Ваш фобичен

*ТВ - депресивец*

П.С. Деновиве на екранот го видов НБА-кошаркарот Хаки Олајџулов, кој гласно извика „Браво Македонијо“ и уште нешто со што изрази почит за сите добрини што му ги направивме на светот.

Фала Хаки.

A R S L O N G A, V I T A B R E V I S